# 6. Финансиско работење

Средствата за извршување на функцијата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија, која во 2019 година (со ребаланс) изнесуваше 11.122.900 денари. Средствата во износ од 10.973.000 денари беа планирани за тековни расходи (плати, стоки и услуги и др.), додека 149.900 денари за капитални расходи (за купување на компјутерска опрема, градежни работи, канцелариски мебел и за вложувања и нефинансиски средства – за лиценци). Буџетот е реализиран со 95 %, односно реализирани се расходи во износ од 10.618.900 денари. Реализацијата на буџетот со 95 % е резултат на реализацијата на платите со 97 % кој во вкупниот буџет на Агенцијата за остварување на правата на заедниците учествува со 84 %. Расходите за стоки и услуги се реализираа со 87 % што се проценува како исклучително совесно користење на средствата и соодветно квалитетно буџетско планирање. Капиталните расходи се реализираа со 97 %. Подолу е даден табеларен и графички приказ на расходите во 2019 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ од 01.01.2019 до 31.12.2019 година (во мкд) - УСОГЛАСЕНО СО ТРЕЗОРСКА ЕВИДЕНЦИЈА**

| Р.бр. | О п и с | Реализација | Буџет (ребаланс) и ПРЕНАМЕНА | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | **РАСХОДИ (вкупно)** | **10,618,900** | **11,122,900** | **95%** |
| **1** | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **10,472,822** | **10,973,000** | 95% |
| **1.1** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **8,850,368** | **9,113,000** | 97% |
| **1.2** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | |
| **1.3** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1,607,454** | **1,845,000** | 87% |
| 1.3.1 | Патни дневни расходи | 4,050 | 30,000 | 14% |
| 1.3.2 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 676,260 | 875,000 | 77% |
| 1.3.3 | Материјали и ситен инветар | 49,990 | 50,000 | 100% |
| 1.3.4 | Поправки и тековно одржување | 49,434 | 50,000 | 99% |
| 1.3.5 | Договорни услуги | 776,406 | 785,000 | 99% |
| 1.3.6 | Други тековни расходи | 51,314 | 55,000 | 93% |
| 1.3.7 | Привремени вработувања | 0 | 0 | |
| **1.4** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **15,000** | **15,000** | 100% |
| **2** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **146,078** | **149,900** | 97% |
| 2.1 | Купување на опрема и машини | 49,995 | 50,000 | 100% |
| 2.2 | Градежни објекти | 49,999 | 50,000 | 100% |
| 2.3 | Купување на мебел | 8,924 | 9,900 | 90% |
| 2.4 | Вложувања и нефинансиски средства | 37,160 | 40,000 | 93% |
| | **ПРИХОДИ** | **10,618,900** | | |
| **1** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **10,618,900** | | |
| 1.1 | Трансфери од други нивоа на власт | 10,618,900 | | |
| 1.2 | Донации од странство | | | |


РАСХОДИ во 2019 година
15%
0.1%
1.4%
0%
84%
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ


Буџет 2019, реализација
12,000,000
10,000,000
8,000,000
6,000,000
4,000,000
2,000,000
0
мкд
РАСХОДИ (вкупно)
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ
РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ
СТОКИ И УСЛУГИ
СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ
КАПИТАЛНИ РАСХОДИ
Расходи
Буџет (ребаланс) и ПРЕНАМЕНА